Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
бр. 02-934/1
30.10.2020 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 15 т. 10 од Статутот на ЈКП "Водовод" - Битола и чл. 27 од Деловникот за работа на У.О. Управниот одбор на ЈКП „Водовод" - Битола на седницата одржана на ден 30.10.2020 год. ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари - септември 2020 год.**

1. Се усвојува во целост Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период **јануари – септември 2020 год.**

2. Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари – септември 2020 год. е составен дел на Одлуката.

3. Составен дел на Одлуката е и Позитивното Мислење за Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари – септември 2020 год., доставено од страна на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење во ЈКП „Водовод" – Битола.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од Одлуката да се достави до членовите на У.О и Надзорниот одбор и потребните служби во ЈКП "Водовод" - Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно законските прописи за материјално – финансиското работење на претпријатието, од страна на стручните служби при ЈКП „Водовод" – Битола изготвена е Анализа за утврдување на материјално – финансиските резултати од работењето на ЈКП "Водовод" – Битола, за периодот јануари – септември 2020 год.

Управниот одбор на седницата одржана на ден 30.10.2020 год. разгледувајќи ја Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за периодот јануари – септември 2020 год. а имајќи го во предвид и Позитивното Мислење доставено од Надзорниот одбор, истата едногласно ја усвои, при што одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О**

**Митко Димовски**

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. 1 БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
БР. 932/2
30.10.2020 ГОД.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола

Врз основа на чл. 18 ст. 5 од Статутот на ЈКП "Водовод" – Битола, а во врска со чл. 7, 8 и 9 од Деловникот за работа на Надзорниот одбор за контрола на ЈКП "Водовод" – Битола, Надзорниот одбор за контрола во врска со прегледаната Анализа за стопанското работење на ЈКП "Водовод" - Битола за период јануари – септември 2020 година до Управниот одбор, денес на ден 30.10.2020 година го дава следното:

М И С Л Е Њ Е

1. Надзорниот одбор за контрола на ЈКП "Водовод" - Битола во состав:

   1. Мимоза Кузманова - Танушевска - Претседател
   2. Наташа Георгиевска - Петровски - член
   3. Билјана Китановска - член
   4. Ивона Тодоровска - член
   5. Менде Секуловски - член

   Ја разгледаа детално Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" - Битола за период јануари – септември 2020 година и едногласно дадоа ПОЗИТИВНО мислење за истата.

2. Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" - Битола за период јануари – март 2020 година е изготвена стручно и согласно параметрите предвидени со закон.
3. Надзорниот одбор за контрола на ЈКП "Водовод" – Битола предлага, Управниот одбор на своја седница Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" - Битола за период јануари – септември 2020 год. да ја усвои онака како што е презентирана.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со своите законски и нормативни овластувања и обврски, Надзорниот одбор за контрола на ЈКП "Водовод" - Битола, на ден 30.10.2020 година ја разгледа детално Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" - Битола за период јануари – септември 2020 година и едногласно даде ПОЗИТИВНО мислење за истата.

**Претседател на**
**Надзорен одбор за контрола**

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. 1 БИТОЛА

______________________

**Мимоза Кузманова - Танушевска**